РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 14-04-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-5111 | | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено | 13-04-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

305

( Образец ПП……)

**До:** Општина Битола
**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: _

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Дали има одобрение за градба „Бетонската база" кај с. Кравари и доколку има кога е издадено?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во** 13. , 04 **2022 година .** ____________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Тони Јовановски
Раководител на сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животна средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

Бр.11-51/2
14.04.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-51/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

[illegible] 15.04.'22

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

# ОПШТИНА БИТОЛА

**СЕКТОР ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 18-04-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-51/3 | | | |

**- Одделение за спроведување на урбанистички планови**
Бр. 30-сл. од 18.04.2022г.

**До:**

**Општина Битола**
**Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

Врска, Ваш бр.11-51/2

Почитувани,

Во врска со Вашето барање под горниот број Ви доставуваме копија од издадено.Одобрение УП бр.30-58/2021 . Доколку истото содржи информации кои не се од јавен карактер Ве молиме да постапите соодветно на Закон.

Со почит,

Одделение за спроведување на
урбанистички планови
Раководител:
Весна Јурак, дипл.инж.арх.

Раководител на Сектор
М-р Тони Јовановски, дипл.град.инж.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Душко Јовановски
Офицер за заштита на лични податоци

Бр.11-51/4
18.04.2022

**Предмет: Доставување на Барање за анонимизирање на лични податоци**

Одделението за спроведување на урбанистички планови достави копија од одобрение за градење по барање за пристап до информации од јавен карактер.
Како офицер задолжен за заштита на лични податоци, во прилог Ви го доставувам одобрението за градење за Ваше понатамошно постапување по однос на истото во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА * IV

18.04.'22

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 18-04-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-5116 | | | |


Решение УП.1бр. 30-58/2021
Од. 06.05.2021
стана правосилно на
ден 28.05.2021
Датум на заверка 01.06.2021
Потпис

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште
Одделение за спроведување на урбанистички планови
**УП 1 бр. 30-58/2021 од 06.05.2021 год.**

Градоначалникот на Општина БИТОЛА, решавајќи по барањето на инвеститорот [redacted] Битола од у[redacted] поднесено под УП 1 [redacted]58/2021 од 15.03.2021 год. за издавање на Одобрение за градење за изградба на технолошка линија за производство на бетон (бетонска база) - објект од (II) втора категорија, врз основа на член 58, став (2) а во согласност со член 59 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/161, 68/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 244/19, 18/20), го издава следното:

## ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ

1.На инвеститорот [redacted] Битола од ул. „[redacted] Битола, му се одобрува изградба на технолошка линија за производство на бетон (бетонска база) - објект од (II) втора категорија м.в. „Долни Свињар" на дел од КП бр. 463 КО Буково и деловои од КП бр. 475 и КО бр. 2762/1 КО Буково ГП 1.35, согласно основен проект со тех. бр. 055-16/2020 од 03/2021 год. изработен од ДООЕЛ „МАТЕВСКИ Архитекти" Битола

2.До пуштање во употреба на објектот инвеститорот е должен да ја дооформи градежната парцела

Одобрението за градење се издава за цела градба

Инвеститорот може да ја започни градбата, откако ова одобрение ќе стане правосилно во управната постапка.

Се задолжува инвеститорот веднаш по правосилноста на ова одобрение истото со заверениот основен проект со тех. бр. 055-16/2020 од 03/2021 год. преку овој орган да го достави до надлежниот орган за запишување на правата на недвижности заради прибележување и предбележување на градбата во јавна книга на недвижности

Доколку при реализација на градбата се јави потреба од дислокација на постоечка инсталација (подземна или надземна) инвеститорот е должен да ја изведи на свој трошок.

Ова одобрение престанува да важи доколку инвеститорот не почнал со изградба во рок од две години од денот на правосилноста на одобрението за градење, согласно член 66 од Законот за градење.

Доколку градбата отпочнала да се гради по истекот на рокот од две години од денот на правосилноста на одобрението, се смета дека градењето е бесправно.

Инвеститорот пред започнувањето на изградбата е должен писмено да го пријави започнувањето на изградбата до надлежниот орган, до градежна инспекција и инспекција на трудот согласно чл.67 од Законот за градење.

Инвеститорот е должен објектот да го изгради во рок не подолг од десет години согласно чл.68 од Законот за градење.

### Образложение

Инвеститорот [redacted] Битола од ул. „[redacted] Битола, поднесе барање УП 1 бр. 30-58/2021 од 15.03.2021 год. за издавање на Одобрение за градење за изградба на технолошка линија за производство на бетон (бетонска база) - објект од (II) втора категорија м.в. „Долни Свињар" на дел од КП бр. 463 КО Буково и деловои од КП бр. 475 и КО бр. 2762/1 КО Буково ГП 1.35

Со барањето инвеститорот ја приложи следната документација и докази:

1.Извод од УП вон населено место (УПВНМ) за изградба на повеќенаменска стопанска зона КО Буково под бр. 30-1478 од 02.10.2020 год. издаден од Општина Битола Одделение за спроведување на урбанистички планови

2.Правно дело за уредување на меѓусебните права и обврски – Договор за закуп на недвижен имот под број УЗП 11344/2020 од 28.12.2020 заверен кај Нотар Едмонд Шазимани Охрид

3.Основен проект со тех. бр. 055-16/2020 од 03/2021 год. изработен од ДООЕЛ „МАТЕВСКИ Архитекти" Битола

4.Ревизија на основниот проект со тех. бр.376/20 од Декември 2020 год., извршена од ДООЕЛ „ТИМИНГ" Прилеп

5.Доказ за право на градење
-Имотен лист бр. 2346 издаден под бр. 1105-34812/2020 од 03.12.2020 год.

[redacted]

-Имотен лист бр.[redacted] издаден под бр[redacted]

-Имотен лист бр. 100426 издаден под бр. 1105-429/2021 од 11.01.2021 год.

6.Геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште бр. 0806-456/3-20 од 22 декември 2020 год. изработен од ДООЕЛ „ГЕОЛЕНД" Битола,

7.Доказ за извршена уплата за административна такса за издавање на Одобрение за градење во из[redacted]огласно Законот за [redacted]вање на Законот за административни такси

8.Мислење бр. 0807-369/3 од 24.02.2021 год. издадено од Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје

9.Елаборат за заштита на животната средина со тех. број 053-01/2020 од 10/2020 год. изработен од ДООЕЛ „МАТЕВСКИ Архитекти" Битола

10.Решение за ЕЗЖС со арх. бр. УП1-11/4-1353/2020 од 23.11.2020 год. издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје

11.Поднесок со Изјава број УЗП 1784/2021 од 29.03.2021 год. заверена кај Нотар Веселинка Деребанова Крстевска Битола

12.Изјава број УЗП 2745/2021 од 05.05.2021 год. заверена кај Нотар Веселинка Деребанова Крстевска Битола која е составен дел на Договорот за уредување на градежно земјиште

**Овој орган по службена должност ги прибави следните согласности и мислења:**
13.Доказ-акт за регулиран надоместок за уредување на градежно земјиште - Договор за уредување на градежно земјиште бр. 30-58-3/21 од 06.05.2021 год. и потврда бр. 30-58-2/21 од 06.05.2021 год. со вредност од 42.966,00 ден.

Согласност и мислења прибавени согласно член 59-в од Законот за градење:
-Записник за исполнети хидротехнички услови бр. 08-12/20 од 24.02.2021 год. изработен од ЈКП „Водовод" Битола
-Записник бр. 08-300/2 од 12.04.2021 год. изработен од КЈП „Нискоградба" Битола
[redacted] од 09.04.2021 год. [redacted] „Македонија" АД Скопје КЕЦ Битола
-Согласност бр. 09-82/2 од 12.04.2021 издадена од Дирекција за заштита и спасување ПО Битола
Врз основа на горе изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.
**Упатство за правно средство:** Против ова Одобрение за градење може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот. Изјавената жалба да се достави во електронска форма во системот Е- одобрение за градење
Жалбата се таксира со 250,00 денари административни такси.

Постапата ја водел:
**Лупчо Лазаровски дип. град. инж.**

Правна контрола:
**Дејан Трајковски дип. правник**

Раководител на одделение:
**Весна Јурак дип. инж. арх**

Makedonski Telekom CA, Ljupche Lazarovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Ljupche Lazarovski
Date: 2021.06.01 11:52:46 +02'00'

**Градоначалник**
**Д-р Наташа Петровска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

**ДОСТАВЕНО ДО:**
ДОО „БЕТОН 2020"

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-51/6
18.04.2022

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот поднесено на **13.04.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 Дали има одобрение за градба „бетонската база“ кај с. Кравари и доколку има кога е издадено? **(детален опис на прашањето во барањето во прилог на решението)**

## СЕ УВАЖУВА

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-51/1
2. Допис до Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште со бр.11-51/2 од 14.04.2022
3. Одговор од Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште со бр.11-51/3 од 18.04.2022 со прилог документација
4. Допис до Душко Јовановски – офицер за заштита на лични податоци со бр.11-51/4 од 18.04.2022
5. Одговор од Душко Јовановски – офицер за заштита на лични податоци со бр.11-51/5 од 18.04.2022

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 18.04.2022 година, под бр. 11-51/6.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk